

# Тавитјан и Оливер снимаа спот во Битола, Скопје и во Сплит

Гарабет Тавитјан и браќата Тавитјан снимија спот со легендарниот далматински кантавтор Оливер Драгоевиќ, за песната "Битола мој роден крај". Оливер е гостин на вториот дел од албумот "Македонското срце чука во 7/8", со преработка на оваа традиционална песна.

Спотот се снимаше на повеќе локации: во Битола, Скопје и во Сплит.

"Сценариото за ова издание ќе биде фокусирано на истакнување на убавините на битолскиот крај преку романтична приказна на една млада девојка. За потребите на видеото, ангажиран е и оркестарот ´Арко´, кој ги придружува Тавитјан во музицирањето, а, пак, за кадрите во Битола е ангажирана убавицата Џули Црвенкоска. Особена чест и задоволство е да се работи на македонска песна со маестро Оливер, кој со овој чин уште еднаш покажа голема почит кон традицијата на нашата земја и благодарни сме му за тоа", изјавија Тавитјан.

Спотот го изработи продукцијата "Мунлајт", а Тавитјан планираат двојна промоција, во Скопје и во просториите на битолската млекарница. *(М.Џ.)*

# "Фолтин" и диџеј Шурбе на 14 февруари во "Сити хол"

На 14 февруари, од 22 часот, во "Сити хол Центар" во Скопје, ќе настапат Фолтин и диџеј Шурбе.

Битолската група "Фолтин", по повеќе успешни проекти и концерти зад себе, во земјава и во странство, во текот на минатата година, за прв пат оваа година ќе настапи во Скопје.

Ноќта на љубовта и на музиката ќе започне со настапот на "Фолтин", а ќе продолжи со диџеј-сет на Костадин Шурбановски-Шурбе. Билетите, кои се во ограничен број, ќе бидат достапни во претпродажба во сите продажни места на "Купи карти за сé", по цена од 200 денари, како и на самиот влез на настанот, по цена од 250 денари. *(М.Џ.)*



*Прв настап на "Фолтин" во Скопје оваа година*

# "Златна бубамара" носталгично останува во Универзална

И покрај големиот интерес за билети за манифестацијата "Златна бубамара на популарноста", таа ќе се одржи во Универзалната сала, на 19 февруари.

"Донесена е другарска, носталгична одлука. Поради најавеното рушење на Универзална сала, манифестацијата не сака да ја испушти можноста за последен пат да се одржи на старата локација и заедно со најпознатите личности, заеднички, да биде дел од магијата во салата, каде што 50 години се одржуваа најголемите музички настани во нашата држава", велат од радиото "Бубамара".



*Сашко Коцев, домаќин на забавата и оваа година*

Настанот годинава ќе се одржи по 17. пат, со мотото "Од пари се живее, не од воздух".

Билетите се продаваа за 1.200 и 2.000 денари, а последните 16 златни билети ќе бидат пуштени на лицитација во Универзалната сала, со почетна цена од 3.000 денари, в понеделник. *(М.Џ.)*